*Минатата 1966 година се навршија 20 години од основањето на Филозофскиот факултет во Скопје. Дваесетгодишниот јубилеј беше прославен и со свечена академија, на 15 декември 1966 година во Младинско-детскиот театар. По тој повод деканот проф. д-р Кирил Пенушлиски поднесе реферат во кој го одбележа изминатиот пат и значајните достигања на колективот на Факултетот.*

*Кирил Пенушлиски*

# ДВАЕСЕТГОДИШНИНАТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Пред дваесет години, на 29 ноември 1946 година, на големиот празник на сите југословенски народи, на Денот на Републиката, како прв факултет на денешната сеопшта гордост на македонскиот народ — Универзитетот во Скопје, беше основан Филозофскиот факултет, а веќе на 16 декември 1946 година неговите наставници ги одржаа и своите први предавања.

Основањето на Филозофскиот факултет, што сé до 1 октомври 1958 година го сочинуваа два отсека: Историско-филолошкиот отсек и Природно-математичкиот отсек, кој тогаш се издвои во посебен факултет, претставува мошне значаен и бележит настан за целокупната културна преобразба на македонскиот народ, што само две години порано, живеејќи постојано под туѓа доминација, непризнаван за народ, немаше дури право ни на наjелементарно образование на свој јазик. Основањето на Филозофскиот факултет секако беше израз на стремежите на нашиот народ што побрзо да ја совлада својата заостанатост, наследена од ропското минато, и во условите на својот слободен национален живот, што тој го извојува во Народната револуција заедно со другите југословенски народи, да зачекори кон посветла иднина. Отворањето на Филозофскиот факултет на Денот на Републиката го поврзува и симболизира овој успех на македонскиот народ со овој сенароден југословенски празник. Три години подоцна се формира и Универзитетот во Скопје. На свеченото собрание, истакнувајќи го во својот поздравен говор големото историско значење на овој настан за целиот македонски народ, другарот Крсте Црвенковски, од името за Владата на НР Македонија и ЦК на СКМ со право подвлече дека „токму во нова Југославија македонскиот народ доби право непречено да гради сопствена култура, да го негува сопствениот јазик и да одлучува за својата иднина“. Оваа вистина македонскиот народ никогаш не треба да ја изгуби од предвид!

Денес, кога колективот на Филозофскиот факултет, заедно со колективот на Природно-математичкиот факултет и своите студенти, ја прославува дваесетгодишнината на своето постоење, нашите погледи природно се враќаат кон првите усилби и напори на нашата народна власт и на нашата Партија да се совладаат многубројните материјални

и кадровски тешкотии за да се создаде и нормално да ја започне својата мисионерска просветна и научна дејност првиот македонски факултет. Нема сомнение, дека оваа прва рожба на нашиот Универзитет, што брои над десет илјади студенти, и што на нашата заедница и дал над десет илјади дипломирани високообразовани стручњаци, можеше да го започне својот живот само благодарејќи на создадените услови на нова Југославија: сите нејзини народи рамноправно да учествуваат во изградбата на својата иднина и нашата социјалистичка заедница.

Ако го резимираме изминатиот дваесетгодишен период на нашиот факултет, со мирна совест можеме да подвлечеме дека тој пат е одбележен со постојани напори и самопрегорни залагања не само на целокупниот негов колектив (и за сите оние наши бивши колеги и студенти, што веќе не се во нашите редови), туку и со широко разбирање што за нашиот факултет го имале органите на нашата народна власт. Нашиот пат е исполнет со значајни наставни и научни резултати.

Во првата, 1946/47 учебна година на нашиот факултет се запишале 548 студенти. Од година во година тој број постојано се зголемувал: пет години подоцна нараснал на 918 студенти, на својата десетгодишнина факултетот броел 1.269 студенти. Најголем број студенти — вкупно 2.519, факултетот имал во 1959/60 година, потем тој број покажувал тенденција на благо паѓање, секако затоа што за одделни специјалности веќе биле изградени доволно висококвалифицирани стручњаци, па уписот се сообразувал со потребите на праксата. Меѓутоа, по земјотресот во Скопје, поради тешките општи услови во кои се најде нашиот Универзитет посебно и нашиот факултет, принуден да работи под најтешки и примитивни услови, бројот на запишаните студенти во учебната 1963/64 година се намали на половина по однос на претходната (од 2130 на 1.191), следната година остана на исто рамниште, а веќе во минатата и оваа учебна година се покажа повторна тенденција за натамошен растеж на бројот на запишаните студенти, доближувајќи се до цифрата од 1.500 студенти.

За запишувањето на студенти на нашиот факултет можат да се извлечат неколку општи карактеристики. На прво место, на факултетот сѐ до учебната 1962/63 година бројот на вонредните студенти бил поголем од бројот на редовните. Од тогаш се јавува намалување и веќе во последниве неколку години тој број е чувствително намален. На пример, оваа година само 20% од студентите студираат вонредно. Потем, на факултетот студирале повеќе жени отколку мажи. За одбележување е и фактот дека меѓу нашите студенти секогаш имало и доста студенти од другите братски републики. Инаку, ориентацијата во запишувањето на студентите била кон националните групи, што е разбирливо. Потребите токму за овие специјалности биле најголеми. Овој факт го илустрира најдобро бројот на дипломираните студенти по групи. Заклучно со учебната 1965/66 година на Филозофскиот факултет дипломирале вкупно 2.301 студент. Од овој број, само на групите за историја на книжевностите на народите на СФРЈ, македонски јазик и историја дипломирале 1.578 студенти; на педагошката група 285, на романската група 214, на филозофската 76, 55 на англиската, 43 на славистичката,

итн. По бројот на дипломираните студенти Филозофскиот факултет стои на чело на нашиот Универзитет. Сè до учебната 1956/67 година, бројот на дипломираните студенти не ја надминувал цифрата од 200 дипломирани студенти годишно; од тогаш тој број постојано е присутен во просек. Но, овој број би бил секако поголем и успехот позначителен ако не постоело и прилично големо осипање на запишаните студенти, најчесто од причини од објективните услови и можности за студирање на нашите студенти, особено на вонредните студенти (во 90% учители или наставници на редовна работа).

На Филозофскиот факултет во учебната 1946/47 година, освен петте природно-математички групи, постоеле седум групи на Историско-филолошкиот отсек. Подоцна, бројот на групите се зголемил уште за три: во 1949/50 година се формирала славистичката група, а во 1957/58 година и групите за германски јазик и литература и за англиски јазик и литература.

Се разбира, паралелно со растежот на бројот на студентите и со отворањето на нови групи, на нашиот факултет морал да се зголемува и бројот на наставниците и соработниците. Во почетокот на своето постоење тој имал само 5 вонредни професори и 6 наставници и ниеден асистент, а денес има 86 наставници и соработници: 14 редовни професори, 15 вонредни професори, 9 доценти, 2 виша предавача и 10 предавачи; асистенти има 20, а лектори 16. Одделни групи (на пример, германската и англиската) немаат доволен број кадри, што се одразува врз успехот на студентите и приливот на нови студенти на овие групи. Инаку, ако значителен дел од наставниците на Филозофскиот факултет, кои ја започнаа наставата во првите години, го сочинуваа луѓе дојдени од другите југословенски универзитети или од научни и просветни установи, чие искуство и помош беа извонредно драгоцени, потребата од наставници и соработници подоцна се задоволуваше пред сé од најдобрите дипломирани студенти. Само еден мал податок: од вкупно 86 наставници и соработници, колку што денес има нашиот факултет, повеќе од половината (45) се негови бивши студенти. Меѓу нив има 9 вонредни професори, 6 доценти, 6 предавачи и 4 лектори; сите 20 асистенти дипломирале на нашиот факултет. Од овие наставници 17-мина докторирале на својот факултет. Факултетот е несомнено веќе способен своите потреби да ги пополнува од кадрите што сам ги создава.

Со наставната дејност и постигнатите резултати во наставата неразделно е сврзана и научната работа на членовите на колективот на Филозофскиот факултет, а преку овие две дејности и улогата и поставеноста на факултетот во целокупниот наш општествен живот, на сите негови полиња. Без лажна скромност, отворено може да се каже дека Филозофскиот факултет бил и останал за овој дваесетгодишен период силен двигател и главен носител на научната мисла во областа на општествените науки сврзани со македонскиот национален дух и неговата историја.

За поткрепа на оваа констатација, можеби е потребно да се потсетиме дека македонскиот јазик и литература, нашата национална историја и историја на уметноста започнаа прво да се проучуваат токму на

Филозофскиот факултет — првото жариште на научната мисла за овие национални предмети, тој ги воспита и издигна мнозинството наши научни работници за нив, како што е сигурно дека меѓу најистакнатите стручнаци за овие предмети треба да се сметаат неговите кадри. Така, во Институтот за македонски језик „Крсте Мисирков", чиј основач е Филозофскиот факултет, денес работат исклучиво бивши студенти на групите за македонски јазик и литература. Резултатите на овој Институт се мошне значајни. Да го спомeнеме само Речникот на македонскиот јазик во три тома. И со Институтот за национална историја положбата е речиси слична: скоро сите негови денешни соработници го добиле своето образование а 12-торица од нив и докторирале на нашиот Факултет

За својата просветно-научна и општествена дејност мнозина од наставниците на Филозофскиот факултет добиле високи научни и општествени признанија, награди и одликувања: неколцина се дописни членови на југословенски и странски академии на науки, повеќемина добитници на Октомвриската награда и наградата „13 ноември", и други; првиот добитник на наградата АВНОЈ од Македонија е член на нашиот колектив. Во неговите редови има и 7 истакнати членови на Друштвото на писателите на Македонија.

Голем број научни трудови на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет, што се публицирани за ова време во нашата земја и во странство, претставуваат драгоцени прилози за сеопштата култура и афирмација на македонскиот народ. Своите изданија — Годишниот зборник, посебните публикации и списанија, факултетот ги разменува со повеќе стотини научни установи од целиот свет. Особено голем углед ужива списанието *Македонски јазик* чиј издавач е Институтот за македонски јазик, и *Жива антика* — единственото југословенско списание за класичните дисциплини.

Научните работници од нашиот факултет учествувале со реферати и на многубројни домашни и меѓународни конгреси и други научни собири; тие држале предавања на југословенски и странски универзитети; мнозина се истакнати членови во разни југословенски и меѓународни стручни и научни организации.

На крајот да го спомeнеме и вонредно активното учество на мнозинството членови на колективот на Филозофскиот факултет во политичко-општествениот живот на нашата Република: мнозина биле или се наоѓаат и во раководните тела на највисоките политички и општествени органи и организации.

*

Денес, кога колективот на Филозофскиот факултет заедно со своите студенти ја празнува својата дваесетгодишнина, тој со задоволство може да каже дека за овие две децении, вложувајќи ги сите свои сили, го дал својот скромен придонес за издигањето на нашиот народ, за неговата посветла иднина.